# П Р О Е К Т Н А   П Р О Г Р А М А

За изработка на **"Главен проект за пошумување на просторот на искористениот дел од копот за лапорец на објектот "Усје".**

Предметот на проектната програма е изработка на Главен проект. Согласно концепцијата за развој и унапредување на животната средина на Цементарница "Усје" АД Скопје, треба да се изработи Главен-изведбен проект за пошумување на просторот на искористениот дел од копот за лапорец на објектот "Усје".

Со Главниот проект ќе се анализират и дефинират природните услови на локалитетот "Усје", индикаторите на присутната автохтона вегетација, евентуално интродуцираните видови на дрвја и грмушки во околината на објектот, со цел да се изврши најоптимален избор на видови дрвја и грмушки за пошумување.

Со концепцијата на пошумувањето треба да се дефинира:

-планирањето на земјиштето на просторот,

-земјаните работи,

-педолошките карактеристики,

-подготовката на локалитетите за пошумување,

-изборот и распоредот на видовите за пошумување,

-подготовката на почвата за пошумување,

-техниката и технологијата на пошумување,

-сезоната на садење,

-одгледувачките мерки и сл.

При изборот на видовите за пошумување покрај физиолошките треба да се имаат во предвид и хортикултурните карактеристики на видовите.

За сите активности сврзани со пошумувањето треба да се изработи анализа на чинење и предмет-пресметка на пошумувањето.

**Напомена:** Сите подлоги и потребини податоци за изработка на проектот ги обезбедува изработувачот на проектот, освен ситуациите 1:1000, односно 1:2500 кои се обврска на инвеститорот - Цементарница "Усје" АД Скопје.

Акционерско друштво
Цементарница "Усје" АД Скопје
Сектор за животна средина и
заштита при работа

# Содржина на Главниот проект


**1. ВОВЕД**

**2. ПРИРОДНИ УСЛОВИ И ФАКТОРИ**

**3. ОПИС И ПОЛОЖБА НА ЛОКАЛИТЕТОТ**

**4. ИНЖЕНЕРСКОГЕОЛОШКИ-ПЕДОЛОШКИ УСЛОВИ**

4.1. Геолошки карактеристики на локалитетот

4.2. Педолошки услови

4.1. Климатски услови

4.2. Температура на воздухот

4.3. Температура на почвата

4.4. Врнежи

**5. ОРОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЛИТЕТОТ**

**6. АВТОХТОНА И РУДЕРАЛНА ВЕГЕТАЦИЈА**

**7. ЕРОЗИВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОКАЛИТЕТОТ**

**8. КОНЦЕПЦИЈА НА УРЕДУВАЊЕ**

**9. ПОДИГНУВАЊЕ НА ШУМСКИ КУЛТУРИ**

9.1. Критериуми за избор на видовите

9.2. Видов состав и просторен распоред на садење

**10. ТЕХНИКА И ТЕХНОЛОГИЈА НА ПОШУМУВАЊЕ**

10.1. Подготовка-обработка на почвата

10.2. Манипулација со посадочниот материјал и техника на садење

10.3. Потребен квалитет на садници

10.4. Сезона на садење

**11. ОДГЛЕДУВАЧКИ МЕРКИ**

**12. ПРЕДМЕР-ПРЕСМЕТКА**

**13. ПРИЛОЗИ**


**Напомена:** Проектната програма е проширена и видоизменета согласно потребите и заложбите на Инвеститорот и Изготвувачот на проектната документација.

Новините во проектот се во функција на поуспешна реализација на рекултивацијата на копот и претставување на ситуациите и предмерите преку современи софтверски алатки-програми.